# НА БУЛЕВАРОТ SAINT GERMAIN

На булеварот Saint Germain  
Луј ме пресретнува секој ден.  
Секое утро со скрита мака  
Луј ми ја пружа својата рака.

Непознат сликар во свој град  
живее негде на шести кат.  
Од рана вечер до рана зора  
продава слики во "Source" и "Flora"*.

"Врати се назад...послушај,чуј:  
во Париз немаш среќа,Луј!  
Тешко е,тешко човек да гледа  
пријател ~~другар~~ сликар и таква беда.

Презри го навек овоа зло -  
Париз е море што нема дно!"  
"Знам - вели Луј - но така бива:  
во него човек учи да плива."

На булеварот Saint Germain  
Луј го поздравувам секој ден.

Ацо Шопов

-----  
* Познати париски кафани каде се собира уметничкиот свет.